## Прашање 18: Во кој случај потенцијалниот Осигуреник се упатува на лекарски преглед ?

Доколку осигурувањето се склучува за поголеми осигурени суми, поради оценка на ризик осигуреникот треба да изврши лекарски преглед.

Осигурувањето се склучува:

| | |
|---|---|
| - без лекарски извештај | до 30.000 ЕВРА |
| - со минимален лекарски извештај | до 40.000 ЕВРА |
| - со обемен лекарски извештај | до 50.000 ЕВРА |
| - со обемен лекарски извештај и согласност од Генералната Дирекција | над 50.000 ЕВРА |

7. Премијата за осигурување се одредува во зависност од осигурената сума, пристапната старост и договореното траење на осигурувањето според таблиците за премии на поединечни тарифни групи, а за Тарифна група 01 и според полот.

8. При одредување на премијата потребно е да се утврди дали осигуреникот е изложен на зголемен ризик од смрт во смисла да боледува од некоја болест.
Доколку врз база на здравствените прашања од понудата за осигурување, односно врз база на лекарски преглед се востанови дека понудувачот има зголемен ризик од смрт, премијата се одредува на тој начин што во зависност од утврдениот ризик (АРЖ) се одредува зголемена пристапна старост на осигуреникот како база за одредување на премијата.
Таблица за зголемување на пристапната старост:

| **АРЖ** | **Зголемување на пристапната старост за** |
|---|---|
| I | 3 години |
| II | 6 години |
| III | 9 години |
| 0 | се одбива |

9. При утврдување на премијата потребно е да се провери дали осигуреникот е изложен на зголемен ризик од смрт поради тоа што:
- се занимава со опасна професија
- се занимава со опасен спорт

10. Доколку осигуреникот по професија е:
- Пилот;
- Пиротехничар- демонтер на мини;
- Нуркач;

- Рудар;

оцената на ризикот и доплатната премија ја одредува директорот на Секторот планирање, развој и продажба на животни осигурувања.

11. Доколку осигуреникот се занимава со некој од следниве спортови:
    - Алпинизам;
    - Банџи-џампинг;
    - Параглајдинг;
    - Нуркање;
    - Летање со змеј;

оцената на ризикот и доплатната премија ја одредува директорот на Секторот планирање, развој и продажба на животни осигурувања.

12. Минималната премија на осигурување по оваа Тарифа изнесува 180 ЕВРА.
13. Таблицата на откупни вредности е составен дел на договорот.
14. Таблицата на капитализирани вредности е составен дел на договорот.
15. Со оваа Тарифа може да се склучи:
    - Дополнително осигурување од последици од несреќен случај (незгода) по Тарифа 09, Тарифна група 01, а според Дополнителните услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај со осигурување на живот (0525)